**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-490/6**
**Скопје,27.10.2006 година**

**ДО**
**СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за 2005 година (во натамошниот текст Служба), кои ја опфаќаат сметката за редовно работење, а кои се прикажани на страните 10 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Службата за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

- Горан Минчев, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 9, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 13/05/2006 до 24/07/2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.



***Овластен државен ревизор***

________________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Во Службата нема донесено акт за дефинирање на сметководствена политика за начинот на вреднување на залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар. Наведеното може да предизвика до нереално искажување на залихите во Билансот на состојбата.

10.1.2. Исплатените плати на вработените, кои не се државни службеници се извршени без соодветен акт во кој треба да бидат дефинирани начинот на исплатата, бројот и вредноста на бодовите.

**Препораки**

- Одговорните лица во Секторот за финансико-материјално, аналитичко и комерцијално работење и Секторот за нормативно-правни, стручно-административни и кадровски работи да преземат иницијатива за изготвување на нормативен акт за начинот на вреднување на залихите и ситниот инвентар.
- Секторот за нормативно-правни, административни-технички и кадровски работи да донесе интерен акт за исплата на платите на вработените кои не се државни службеници.

**10.2. Неправилности во искажување на приходите и расходите:**

10.2.1. Констатирани се исплати за комунални услуги во износ од 3,635 илјади денари на фирмата СИН АГ Дооел Скопје врз основа на склучен договор, за изнајмен деловен простор за потребите на Уставниот суд на Република Македонија. Површината на изнајмениот деловен простор изнесува 1,025 метри квадратни по цена од 5 евра во денарска противвредност за еден квадратен метар. Комуналните услуги се платени во фиксен износ, што е спротивно на принципите на економичност, рентабилност и ефикасност, според кои трошоците треба да зависат од обемот на извршените услуги.

**Препорака**
Одговорното лице на Службата да покрене постапка за преиспитување на одредбата на член 7 од Договорот за закупнина со Сојузот на Синдикатите на Македонија во однос на фиксната цена на трошоците за комуналии, со цел трошоците да се пресметат и плаќаат во висина на извршените комунални услуги.

10.2.2. Набавната вредност на воздухопловот неосновано е зголемена за трошоци на осигурување на истиот во износ од 3,044 илјади денари, од причина што истите не претставуваат зависни трошоци кои треба да се вклучат во набавната вредност на средството, а особено што овој вид на трошоци ќе се повторуваат секоја година. Заради наведеното во поголем износ се искажани позициите: Опрема за износ од 3,044 илјади денари, Државниот јавен капитал за 2,861 илјади денари и Исправката на вредноста за 183 илјади денари. Наведеното е спротивно на одребите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**
Одговорните лица во Секторот за сметководствено-материјално, аналитичко и комерцијално работење, да ги евидентираат трошоците за осигурување на воздухопловот согласно Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетите и буџетските корисници.

10.2.3. Извршени се исплати за осигурување на работници во вкупен износ од 588 илјади денари, спротивно на законските прописи. Службата нема законска обврска на терет на буџетските средства да врши осигурување на вработените. Наведеното доведува до неосновано трошење на средствата кои не се планирани со буџетот на буџетскиот корисник.

**Препорака**
Пресметувањето и плаќањето на трошоците за осигурување на работниците да се изврши од нето платата на работникот, а не од буџетските средства на субјектот бидејќи за таква намена не се предвидени средства во буџетот.

10.3. **Неправилности во искажување на билансните позиции:**

10.3.1. Службата не поседува имотен лист или било каков друг документ за **земјиштето** со кое располага, поради што не е обезбеден ревизорски доказ за сопственоста, површината и вредноста на земјиштето. Наведеното е спротивно на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

10.3.2. Во однос на **градежните објекти** ревизијата констатира:

- Деловните објекти кај пет министерства со вкупна сметководствена набавна вредност од 1,069,369 илјади денари, не поседуваат документ од надлежен државен орган за докажување на сопственоста, поради не евидентирани парцели во катастарскиот операт на Државниот завод за геодетски работи на Република Македонија;

- Седум деловни репрезентативни и резиденцијални објекти во комплексот Горица во Охрид со вкупна сметководствена набавна вредност од 1,421,263 илјади денари, не поседуваат документ од надлежен државен орган за докажување на сопственоста, поради не евидентирани парцели во катастарскиот операт на Државниот завод за геодетски работи на Република Македонија;
- За еден објект од комплексот Водно со сметководствена набавна вредност од 103,801 илјади денари, не е презентиран имотен лист, поради неутврдено право на сопственост;
- За објектите во Цавтат (Република Хрватска) и Белград не е презентиран имотен лист или друг доказ за сопственост.

  Службата доставила писмо до Министерството за надворешни работи на Република Македонија, при што е добиен одговор дека прашањето ќе се реши во рамките на сукцесијата на бившата СФРЈ;

- Евидентирани се 14 градежни објекти по населени места во Република Македонија со вкупна сметководствена набавна вредност од 112,126 илјади денари, кои се руинирани и не ја извршуваат основна функција за што се изградени;

  Владата на Република Македонија од 1994 година има преземено мерки со објавување на огласи со јавно наддавање, но поради слабиот одзив истите не се отуѓени.

- Не е презентирана документација за сопственост за седум дрвени бараки сместени во различни делови на Скопје каде се сместени одредени органи на државна управа или државни институции со вкупна сметководствена вредност од 123,061 илјада денари. Според писмото на Државниот завод за геодетски работи доставено до Службата, документ за сопственост не може да се издава поради: непостоење на евиденција во Катастарскиот операт за катастарски парцели каде се сместени дрвените бараки кои се наведени од страна на Службата, неутврдено право на сопственост поради не изложен предмет, неспроведен премер во одредени КО (Катастарски општини).

Наведените констатации се спротивни на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и истите доведуваат до нереално и необјективно искажување на градежните објекти во Билансот на состојба.

**Препораки**

1. Секторот за нормативно правни и општи работи, Секторот за инвестиционо – технички работи и Секторот за финансиско – материјални и аналитичко – комерцијални работи, да ги интензивираат започнатите активности за регулирање на имотно правниот статус на деловно административните, резиденцијални и репрезентативни објекти на Владата на Република Македонија и другите органи на управата (министерствата) преку поднесување барање до Државниот завод за геодетски работи за поединечно запишување на правата на недвижностите согласно член 81 а, б, в, г од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

2. Надлежните сектори да продолжат со активностите за обезбедување документација за докажување на сопственоста на објектите во Цавтат и Белград;

10.3.3. Со увид во материјалот за **попис на средствата и изворите на средства** констатирано е следното:

- Службата извршила само физички попис на средствата кој не е усогласен со сметководствената состојба. Согласно одредбите од член

21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Службата е должна најмалку еднаш годишно да врши усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба, што се утврдува со попис на 31 декември;

- Извештајот на Централната пописна комисија не е усвоен од директорот на Службата;
- Не е извршен вонреден попис на средствата и извори на средствата, по препорака на Централната пописна комисија;
- Со дополнителниот попис на опремата во вилата Билјана во Охрид извршен согласно Меѓународниот стандард за ревизија 501 Ревизорски доказ – дополнителни разгледувања на специфичните ставки, во присуство на претставници на Државниот завод за ревизија и Службата, констатирано е дека дел од опремата не е евидентирана во сметководствената евиденција;
- Не е извршен попис на опремата во објектите во Белград и Цавтат, бидејќи имотно правниот статус не е расчистен;
- Не е презентиран пописен материјал за опремата на Министерството за надворешни работи со набавна вредност од 10,211 илјади денари, исправка на вредност од 9,894 илјади денари и сегашна вредност од 317 илјади денари;
- Опремата која нема употребна вредност а која е предложена за расход не е расходувана;
- Опремата која е во сопственост на Службата целосно не е евидентирана во Службата, туку еден дел се води во Службата а дел кај одреден орган на управата;
- Сметководствената вредност на уметничките слики на познати автори е искажана во износи кои не се реални и отстапуваат од пазарните цени;
- Не е извршено усогласување на состојбата на уметничките дела искажана во Каталогот и состојбата во сметководството поради нецелосни податоци за идентификација;
- Не се доставени податоци до Министерството за финансии за движни ствари согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост.

Наведените констатации се спротивни на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и истите доведуваат до нереално и необјективно искажување на опремата во Билансот на состојба.

**Препораки**

- Секторот за финансиско - материјално и аналитичко-комерцијални работи во соработка со Секторот за нормативно-правни и општи-кадровски работи, да преземат мерки за извршување на целосен попис на средствата и изворите на средствата и усогласување со сметководствената вредност согласно член 29 ст.1 од Правилникот;
- Препораките на Централната пописна комисија треба да се земаат во предвид при извршување на пописот и спроведување на предлозите за расходување согласно член 33 ст.2 од Правилникот;
- Извештајот на Централната пописна комисија да се разгледува и усвојува од страна на директорот согласно член 35 од Правилникот;
- Опремата која нема употребна вредност, а има сегашна сметководствена вредност да се предложи за расходување согласно чл.22 и 33 од Правилникот;

- Опремата која е во сопственост на Службата да се евидентира целосно на едно место;
- При решавање на сопственоста на објектите во Цавтат и Белград да се обрне внимание на опремата која е евидентирана како составен дел на наведените објекти;
- Да се изврши дополнителен попис на опремата во Министерството за надворешни работи и да се усогласи со сметководствената состојба;
- Да се изврши проценка на вредноста на уметничките слики;
- Да се усогласат називите на уметничките дела од Каталогот со називите кои се водат во сметководство;
- Да се достават податоци до Министерството за финансии за движните ствари согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост.

10.3.4. Во текот на ревизијата, од страна на ревизорскиот тим извршен е попис на возниот парк на Службата согласно Меѓународниот ревизорски стандард 501-Ревизорски доказ-дополнителни разгледувања на специфични ставки, според кој доколку ревизорот не е во можност да присуствува на физичкиот попис на залихите на планираниот датум, поради непредвидливи околности, може да направи попис или да присуствува на физички попис на некој алтернативен датум и да спроведе проверка на трансакции кои во меѓувреме настанале. Со дополнителниот попис е констатирано дека не се почитуваат одредбите од точка 2 од Наредбата за користење на моторни возила на директорот од 13.09.2005 година, односно одделни возила не беа паркирани на паркингот на Службата по завршувањето на работните задачи. Наведеното може да предизвика злоупотреба и користење на службените возила за приватни цели.

**Препорака**

Користењето на моторните возила кои се евидентирани во сметководството на Службата да се врши според нормативните акти на буџетскиот корисник и другите прописи за користење на државниот имот.

10.3.5. Со ревизијата на благајничкото работење констатирано е:

- Пречекорување на благајничкиот максимум кај денарската и девизната благајна;
- Исплатени се средства за патни трошоци во странство за кои не се презентирани решенија од одговорното лице;
- Исплатени се издатоци во вкупен износ од 221 илјада денари за угостителски и друг вид услуги за време на престојот во странство и тоа на лица на кои им е исплатено патни и дневни трошоци, што е спротивно на Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2005 година;
- Исплатени се половина дневници на вработени за службени патувања во земјата за поминати 7 часа на терен, што е спротивно на Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2005 година;

Наведените констатации имаат влијание на реалното и објективното искажување на состојбата на паричните средства во денарската и во девизната благајна.

**Препорака**

Одговорното лице на Службата заедно со одговорните лица на секторите и непосредните извршители, при исплатата на паричните средства од денарската и девизната благајна да ги имаат предвид одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2005 година и Законот за платен промет, со цел :

- исплатата на дневниците за службени патувања во земјата и во странство да бидат извршени во висина и на начин утврдени во наведените законски прописи;
- користењето на паричните средства од благајната да биде во висина и за потреби пропишани во законските прописи;

10.3.6. Заради потврдување на состојбата на неизмирените обврски спрема добавувачите, ревизијата ја примени постапката на независно усогласување, при што испрати конфирмации до 17 доверители со вкупен износ од 34,235 илјади денари. Добиени се одговори од девет доверители според кои обврските спрема доверителите изнесуваат 25,817 илјади денари, додека според сметководствената евиденција на Службата овие обврски имаат вкупен износ од 23,943 илјади денари, со што е констатирана неусогласеност на пријавените обврски во износ од 1,868 илјади денари.

**Препорака**

Секторот за финансиско материјални и аналитичко - комерцијални работи да продолжи со активностите за целосно усогласување на обврските со доверителите.

### 10.4. Ненаменско и незаконско користење на средства:

10.4.1. Со ревизијата се опфатени 22 јавни набавки (со поединечна вредност поголема од 1.000 илјади денари) во вкупен износ од 260,300 илјади денари кои во вкупната обврска за спроведување на јавни набавки за 2005 година од 275,353 илјади денари (за трите жиро сметки) учествуваат со 93,88%, при што е констатирано дека кај 13 јавни набавки во 21 случај не се почитувани одредбите од Законот за јавни набавки (Прилог број 1).

10.4.2. Со ревизијата на набавките од мала вредност се опфатени сите 49 набавки спроведени во 2005 година во вкупен износ од 4,623 илјади денари, при што е констатирано дека кај сите набавки во 145 случаи не е почитуван Правилникот за јавни набавки (Прилог број 2).

10.4.3. Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службените простории на органите на државната управа во 2005 година донесена од Владата на Република Македонија во вкупен износ од 180,000 илјади денари, не е реализирана според нејзината структура. Имено, за одредени објекти потрошени се средства кои не биле предвидени со програмата, за одделни објекти потрошени се повеќе средства од предвидените за 7,314 илјади, а за одделни објекти помалку се потрошени за 48,231 илјади денари.

Целосно, програмата е помалку реализирана за 40,917 илјади денари ( 22,73%).

Не се дадени причините за нецелосното реализирање на програмата, при услови на обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија. (Прилог:Преглед бр.3)

**Препораки**

- При набавките на стоки, услуги и работи, да се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки и Правилникот за начинот и постапките за вршење на набавки од мала вредност;
- Одговорните лице во Секторот за финансиско-материјално, аналитичко и комерцијално работење и Секторот за инвестициони работи и организација на одржувањето на објектите, да преземат мерки за доследно спроведување на донесената Програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службените простории на органите на државната управа.

10.4.4. Со ревизијата е констатирано дека на 15 возачи - носители на јавни функции исплатен им е паушал од 984 иљади денари спротивно на зконската регулатива и Правилникот за систематизција, а врз основа на Заклучок на Владата на Република Македонија од 20.11.1995 година.

**Препорака**

При исплатата на плата на вработените лица, одговорното лице да ги применува одредбите од Законот за работни односи и критериумите од актот за систематизација.

10.4.5. Ревизијата констатира исплата на надоместоци во вкупен износ од 10,501 иљади денари за 78 ангажирани лица по основ на договор за дело и истите го надминуваат бројот предвиден со актот за систематизација. Работните задачи на ангажираните лица се предвидени во систематизацијата на Службата, но по барање за пополнување на 14 места од Министерството за финансии добиен е негативен одговор, додека за останатите 64 ангажирани лица не е поднесено барање, туку по оценка на одговорниот работодавач се ангажирани лицата со договор, со месечно обновување на договорите. Периодот на ангажирање е различен, 27 лица се ангажирани пократко од една година (во текот на 2005 година), а бројот на ангажираните лица повеќе од една година изнесува 51 (почнувајќи од 1999 година па до извештајната година).
Наведеното е спротивно на одредбите од Законот за работни односи.

**Препорака**

Работодавачот на буџетскиот корисник ангажирањето на лицата со договор за дело, да го изврши согласно Законот за работни односи и другите прописи кои го регулираат тоа прашање.

10.4.6. Ревизијата констатира пречекорување на дозволените расходи за користење на службени мобилни телефони кај 20 корисници во вкупен износ од 701 иљада денари, утврдени со Одлуката за користење на службени мобилни телефони на Владата на Република Македонија.
Во текот на месец мај 2006 година директорот на Службата има донесено решение за користење на службени мобилни телефони за работници кои не се опфатени со Одлуката.

**Препорака**

При користењето на службените мобилни телефони од страна на корисниците да се почитува и применува Одлуката за користење на службени мобилни телефони и решението за користење на мобилни телефони од директорот на Службата.

11. Според наше мислење, поради наодите изнесени во точката 10.3. финансискиот извештај Биланс на состојба невистинито и необјективно ја претставуваат финансиската состојба на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија под 31.12.2005 година, додека финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и резултатот од финансиските активности за фискалната 2005 година, освен наодите изнесени во точката 10.2, реално и објективно е искажан.

12. Според наше мислење, освен наодите во точка 10.4. остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

13. Информација за преземените односно непреземените мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2004 година:
    а) **целосно извршени препораки**: возилата вон употреба се проценети и поголем дел од истите е отуѓен согласно законските прописи, додека за останатите продолжуваат активностите; отстранета е програмската пречка при пресметување на амортизацијата; редовно се составуваат записници по завршување на инвестиционите објекти.
    б) **делумно извршени препораки или се во тек на извршување**: формирана е комисија за анализирање на договорот со Секјуриком која работи но не се предложени конкретни активности; испратени се писма до Републичка геодетска управа за добивање имотни листови; известено е Министерството за надворешни работи за објектите во Цавтат и Белград; извршен е физички попис на средствата, но не е извршено усогласување со сметководствената евиденција; нецелосно е реализирана инвестиционата програма на Владата на Република Македонија;
    в) **неизвршени препораки**: не се преземени мерки за пречекорената репрезентација, за пречекорувањето на висината на сметките на мобилните телефони, туку се дадени само изјави за одбивање од плата.

**Скопје,26/10/2006 година**

**Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 1,023,043 | 712,145 |
| **Вкупно приходи** | | **1,023,043** | **712,145** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 88,496 | 74,743 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 29,827 | 2,102 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 377,350 | 376,759 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 14,625 | 14,136 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **510,298** | **467,740** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 512,745 | 244,405 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **512,745** | **244,405** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **1,023,043** | **712,145** |

Образложенијата од страна 12 до страна 22 се составен дел на финансиските извештаи.

**Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 1,358 | 56 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.2. | 200 | 236 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 50,753 | 30,911 |
| Залихи | 4.1.4. | 15,266 | 16,493 |
| **Вкупно тековни средства** | | **67,577** | **48,165** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 192,052 | 192,052 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 4,946,182 | 4,288,976 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 22,831 | 208,664 |
| **Вкупно постојани средства** | | **5,161,065** | **4,689,692** |
| **Вкупна актива** | | **5,228,642** | **4,737,857** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 43,548 | 25,845 |
| Примени аванси, депозити и кауции | | 0 | 56 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 200 | 236 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 7,205 | 5,535 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 24,189 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **75,142** | **31,672** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | **5,153,500** | **4,706,185** |
| **Вкупна пасива** | | **5,228,642** | **4,737,857** |

Образложенијата дадени од страна 12 до страна 22 се составен дел на финансиските извештаи.



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

***Овластен државен ревизор***

_______________________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1003-490/14***
***Скопје, 27.11.2006 година***

Врз основа на член 27 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ" број 73/2004 година – Пречистен текст) е добиен Приговор по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансискиот извештај кај Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Македонија, број 08 – 6388/2 од 23/11/2006 година. Главниот државен ревизор го донесе следното

## ***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечниот извештај***

1. Приговорот на точките 10.1.2, 10.3.2, и 10.4. од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година кај Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Македонија не се прифаќа.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Образложение за неприфаќање на приговорите на точките 10.1.2, 10.3.2, и 10.4 е следната:

1. Приговорот на точката 10.1.2. кој се однесува на констатацијата дека исплатените плати на вработените кои не се државни службеници се без соодветен акт со дефинирани крутериуми за начинот на исплатата, бројот и вредноста на бодовите, не се прифаќа од причина што кон приговорот на Конечниот извештај е доставена одлука само за висината на вредноста на бодот, донесена на 05/09/2005 година, додека за останатите критериуми не е презентиран акт.

2. Приговорот на точката 10.3.2. не се прифаќа од причина што Службата за општи и заеднички работи нема обезбедено соодветен документ како доказ за сопственоста на административните, резиденцијалните и репрезентативните објекти, заради што ревизијата даде предлог да се интензивираат започнатите активности за регулирање на имотно правниот статус на наведените објекти на Владата на Република Македонија и другите органи на управата (министерствата) преку поднесување барање до Државниот завод за геодетски работи за поединечно запишување на правата на недвижностите согласно член 81 а, б, в, г од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

3. Приговорот на точката 10.4. која се однесува наменското и незаконското користење на средствата, а со кое се бара да се промени поднасловот на наменско и законско користење на средствата, не се прифаќа од следните причини:

    a) Со ревизијата е констатирано дека кај 13 јавни набавки по различни основи не се применувале одредбите од Законот за јавни набавки, додека кај сите 49 набавки од мала вредност не е почитуван Парвилникот за јавни набавки, што укажува на констатацијата дека при непочитување на законските одредби незаконски се искористени буџетските средства, со можност во нееднакви услови на стопанисување да се фаворизираат одделни добавувачи;

    b) Во услови кога Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службените простории на органите на државната управа во 2005 година која е донесена од Владата на Република Македонија во вкупен износ од 180,000 илјади денари, не е реализирана според нејзината структура, кога за одделни објекти се потрошени средства за кои воопшто не биле предвидени средства со програмата, за други објекти за кои се потрошени помалку или повеќе средства од предвиденото, произлегува констатацијата дека ненаменски се користени средствата, без да се води сметка дали е согласно програмата донесена од Владата на Република Македонија.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Главен државен ревизор**

**Д-р Драгољуб Арсовски**